# Службен Гласник


| Број 37 | 03.08.2023 година |
|---|---|


## на Општина Кавадарци

СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,, | |
| Одлука за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,, | |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година | |
| Програма за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2023 година | |
| Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2023 година | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,,**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.08.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-5019/1**
**03.08.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2023 година, член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 8-та (осмата) Вонредна седница, одржана на ден 03.08.2023 година, донесе ,

# О Д Л У К А

**за кофинансирање на Проект ,, Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,,**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства за учество на Општина Кавадарци во проектот "Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,,.

**Член 2**

Вкупната проектирана вредност на Проектот "Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост,,,е во износ од 47.126.479 денари со вкалкулиран ДДВ.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2, во износ од 42.413.831 денари, ке се обезбедат Министерството за труд и социјална политика за 2023 година, а

општина Кавадарци ќе обезбеди финансиски средства за кофинансирање на овој проект во висина од 4.712.648 денари или 10% од вкупната вредност на проектот, и не повеке од 20% од вредноста за непредвидени работи по спроведена јавна набавка, кои ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр. 08-4897/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.08.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програма за работа во областа на располагањето**
**со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на**
**подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.08.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-5019/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.08.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште (“Сл.Весник на РМ,, бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и “Сл.Весник на РСМ,, бр. 275/19), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Весник на РМ бр.8/05….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 8-та (осмата) Вонредна седница, одржана на ден 03.08.2023 година, донесе ,

# ПРОГРАМА

## За изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година

**Член 1**

Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година бр.08-7742/15 од 22.12.2022 година, Програма за изменување и дополнување на програмата работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година бр.08-365/4 од 25.01.2023 година и Програма за изменување и дополнување на програмата работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година бр.08-2220/5 од 05.04.2023 година се врши следната измена:

**I.Во Глава А)**Просторен опфат и предмет на Програмата, после точка 16 СЕ ДОДАВА нова точка 17 која гласи:

**17.Проект за инфраструктура за изградба на ски патека и ски лифт со пропратни објекти јужно до детско одмаралиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци.**

**II.Во глава В точка II алинеа 2** се врши измена и дополнување на табеларниот преглед детален преглед на градежните парцели што ќе бидат предмет на менаџирање по населено место и по урбанистички план се додава нова табела која гласи:

**17. Проект за инфраструктура за изградба на ски патека и ски лифт со пропратни објекти јужно до детско одмаралиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци.**

| Број на градежна парцела | Основнакласананамена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | Е2 – комунална инфраструктура (ски патека и ски лифт) | / | / | КП бр.965/2 КП бр.957/2 | 15.0 | 26974 | 23765 | 23765 | 0.88 | 88.1% | 100,оо | 2.697.400,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **2.697.400,оо** |

**III.Во глава В точка V.**Проценка на финансиски приливи по основ на реализација на Програмата после точка 16 СЕ ДОДАВА нова точка 17 со следниот текст:

**17. Проект за инфраструктура за изградба на ски патека и ски лифт со пропратни објекти јужно до детско одмаралиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци – 2.697.400,оо денари.**

**Вкупно:--------------------------------------------11.143.177,28 денари**
**Општина Кавадарци (80%)----------------------8.914.541,82 денари**
**Република Северна Македонија (20%)--------2.228.635,46 денари.**
Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр. 08-4897/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.08.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци**
**за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2023 година донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.08.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-5019/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**03.08.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/02,,), а во врска со член 32 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници (,,Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48//15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.143/19 и 99/22), член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор (,,Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 198/18 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член

132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 8-та (осмата) Вонредна седница, одржана на ден 03.08.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Се дава согласност за изменување и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2023 година, со арх.бр. 04-1312/6 од 28.07.2023 година, донесен од Градоначалникот на Општина Кавадараци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр. 08-4897/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.08.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**